Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-998/4 од 19.03.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 11-та седница одржана на 19.03.2025 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се одобрува зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година.

Вкупно планираните приходи и расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година се зголемуваат за 2.700.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 199.729.722,00 денари истите изнесуваат 202.429.722,00 денари.

2. Со зголемувањето од точка (1) на оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 2.700.000,00 денари, наменети за:
   - за исплата на месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата за месец април 2025 година во износ од 1.200.000,00 денари и
   - за доделување на финансиска помош – донација за настраданите граѓани во пожарот во Кочани на ден 16.03.2025 година во износ од 1.500.000,00 денари.

3. Обезбедувањето на финансиските средства од точка (2) на оваа Одлука се изврши со измена на следните позиции:

- **Вкупните приходи** се зголемуваат за 2.700.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 199.729.722,00 денари, истите изнесуваат 202.429.722,00 денари;
- Приходната ставка **Пренесени вишок средства од мината година** се зголеми за 2.700.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 46.429.722,00 денари, истата изнесува 49.129.722,00 денари;
- **Вкупните расходи** се зголемуваат за 2.700.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 199.729.722,00 денари, истите изнесуваат 202.429.722,00 денари;

- Групната ставка **414 – Надоместоци на трошоци на работници и граѓани** се зголеми за 1.200.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 8.795.000,00 денари, изнесува 9.995.000,00 денари.
- Позицијата **414901 – Други надоместоци – членови на Совет на Агенцијата** се зголеми за 1.200.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 3.150.000,00 денари, изнесува 4.350.000,00 денари.

- Групната ставка **450- Помошти, донации и други давања на субјекти** се зголеми за 1.500.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 1.500.000,00 денари, истата изнесува 3.000.000,00 денари;
- Позицијата **450100 - Помошти, донации и други давања на субјекти,** се зголеми за 1.500.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 1.500.000,00 денари, истата изнесува 3.000.000,00 денари. Зголемените средства од 1.500.000,00 денари се наменети за настраданите граѓани во пожарот во Кочани на ден 16.03.2025 година.

4. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги потребно е да изврши зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за 2025 година, со цел да се обезбедат средства наменети за исплата на месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата за месец април 2025 година во износ од 1.200.000,00 денари и за доделување на финансиска помош – донација за настраданите граѓани во пожарот во Кочани на ден 16.03.2025 година во износ од 1.500.000,00 денари.

За да се обезбедат 2.700.000,00 денари, се изврши измена на следните позиции во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година и тоа: **Вкупните приходи** се зголемуваат за 2.700.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 199.729.722,00 денари, истите изнесуваат 202.429.722,00 денари. Приходната ставка **Пренесени вишок средства од мината година** се зголеми за 2.700.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 46.429.722,00 денари, истата изнесува 49.129.722,00 денари. **Вкупните расходи** се зголемуваат за 2.700.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 199.729.722,00 денари, истите изнесуваат 202.429.722,00 денари. Групната ставка **414 – Надоместоци на трошоци на работници и граѓани** се зголеми за 1.200.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 8.795.000,00 денари, изнесува 9.995.000,00 денари. Позицијата **414901 – Други надоместоци – членови на Совет на Агенцијата** се зголеми за 1.200.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 3.150.000,00 денари, изнесува 4.350.000,00 денари. Групната ставка **450 – Помошти, донации и други давања на субјекти** се зголеми за 1.500.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 1.500.000,00 денари, изнесува 3.000.000,00 денари. Позицијата **450100 – Помошти, донации и други давања на субјекти** се зголеми за 1.500.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 1.500.000,00 денари, изнесува 3.000.000,00 денари.

Имено, со предложеното зголемување на финансискиот план за 2025 година, вкупните планирани приходи и расходи според планот се зголемуваат за 2.700.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 199.729.722,00 денари, истите изнесуваат 202.429.722,00 денари.

Следствено на сето погоре наведено, а врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-998/4 од 19.03.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 11-та седница одржана на 19.03.2025 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:

- Директорот;
- Секторот за финансии и логистика;
- Секторот за правни работи и јавни набавки и
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи-Архива.